АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, известува за следното:

Во  Друштвото со огранничена одговорност Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје, кое е придружен ентитет на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, во кој Акционерското друштво има вложување од 40%, се случи настан предизвикан од правосилна судска пресуда Рев 1 бр.192/2022 од 25.01.2023 година, со која ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности е задолжено со главен долг во износ од 1.657.035,00 денари  и 565.924,04 Евра како и затезна камата на овој износ сметано од 06.02.2015 година до конечна исплата на долгот.

Со оглед на тоа што АД Раде Кончар-Апартна техника-Скопје е во фаза на ревизија на финансиските извештаи за 2022 година, по укажување од страна на овластениот ревизор, согласно сметководствените стандарди по принципот на вложување во придружни ентитети, ваквиот настан кај наведениот придружен ентитет , ќе има дирекно влијание и негативно ќе се одрази врз деловните резултати за 2022 година  на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје.
Со оглед на тоа што за наведениот настан, Акционерското друштво Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, беше известено по истекот на рокот за објавување на годишните неревидирани, неконсолидирани финансиски извештаи за 2022 година и рокот за пријавување на годишната сметка за 2022 година, а имајќи во предвид дека Акционерското друштво е сеуште во фаза на ревизија на финансиските извештаи за деловната 2022 година, Акционерското друштво најавува дека ќе изврши корекција на истите и корегирани ќе ги објави преку СЕИ-НЕТ со соодветно образложение кон истите.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**